РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-1923/3
23-07-2021

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на продолжението на 50-тата седница одржано на 22.07.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**СЕ ЗАПИРА** постапувањето на ДКСК по предмет оформен по пријава број 12-3942/1 од 18.11.2020 година поднесена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител – група вработени, која се укажува дека во Национална установа Центар за култура ------------ се назначува ист в.д директор четврти или петти пат спротивно на законските прописи.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата и дополнителната документација утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што постапил и преземал мерки надлежен орган со што е надмината состојбата на која се однесува пријавата.

Предметот со број 12-3942/1 од 18.11.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3942/1 од 18.11.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител – група вработени.

Во пријавата, се укажува дека во Национална установа Центар за култура ---------- се назначува ист в.д директор четврти или петти пат спротивно на законските прописи според кои може два пати по шест месеци.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК изврши проверка на тековната состојба и историјатот на промени на НУ Центар за култура ------------------------- и се обрати од Министерството за култура на РСМ со барање да достави информација во однос на наводите од пријавата, како и за причините поради кои не е избран директор на наведената установа на јавен оглас.

Од страна на Министерството за култура, во законски предвидениот рок, доставено е известување со кое ја информира ДКСК дека согласно Законот за културата на ден 26.01.2021 година е распишан јавен оглас за избор на директор на НУ Центар за култура ----------------- Штип. По спроведената постапка од страна на комисијата за селекција на кандидати за избор

на директор, министерот донел решение за избор на директор, кое е доставено во прилог на известувањето, која промена е видна и од историјатот на промени на субјектот.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што постапил и преземал мерки надлежен орган со што е надмината состојбата на која се однесува пријавата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Б.К.Ш., Советник
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**